**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-92/6**
**Скопје, 27.02.2008 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенција за вработување на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :
   - Д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ - Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 01.01. до 30.08.2006 година и
   - Стојче Тапанџиоски - в.д.Директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија од 30.08.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 06.09. до 21.11.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 12.02.2008 година добиени се забелешки на точките 10.1.1, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.2.5, 10.5.2 и 10.5.3 на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-179/2. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Систем на интерни контроли во процесите***

***Процес на одлучување и донесување на решение за право на паричен надоместок во случај на невработеност***

**11.1.1.** Агенцијата заклучно со месец август 2006 година, освен одредбите од законот, нема методологија, интерни акти/упатства кои би го регулирале процесот на одлучување и донесување на решение за право на паричен надоместок во случај на невработеност и исплата по истото, со што би се одбегнале случајни грешки или измами. Согласно Известување број 03-1106 од 22.09.2006 година, од страна на Секторот за активни политики изработено е упатство за потребните докумети кои секој центар за вработување треба да ги обезбеди, исконтролира при поднесувањето на барања за остварување на правото на паричен надоместок во случај на невработеност и врз основа на истите да донесе решение за остварување на горенаведеното право.

Врз основа на извршената оцена на системот на интерните контроли во процесот на одлучување и донесување на решенија за право на паричен надоместок, како и исплата по истите во центрите за вработување: Скопје, Куманово, Битола, Прилеп, Охрид и Штип ревизијата констатира:

- нема пишани процедури за текот и видовите на активности на процесот,
- непостои унифицираност на целокупниот процес во центрите за вработување на Агенцијата,
- нема разграничување на одговорностите и должностите (мал број на извршители во одделни центри за вработување),
- непостоење и нефукционирање на контролни постапки во одделни сегменти од процесот,

- некомплетност на дел од приложените предмети.

Отсуството на пишани процедури, контролни механизми, разграничување на одговорностите и должностите создава ризик од недоследно почитување на законската регулатива и ризик од незаконска и ненаменска исплата на средства по основ на горенаведеното право.

Од 01.08.2007 година, согласно препораките од извршените ревизии во минати години, изготвена е компјутерска Пресметка на висината на паричниот надоместок како и Упатство за начинот на внес на податоците во базата на податоци и истото е доставено до центрите за вработување за негова примена.

**Препорака:**

Агенцијата да донесе акт/методолија за целокупниот тек на процесот на остварување на право на паричен надоместок во случај на невработеност, со комплетни пишани процедури со што ќе се овозможи превенција од појавување на ризици кои би влијаеле врз донесување на неточна, нецелосна, некомплетна и вон законската рамка за одлука и решение за остварување на правото за паричен надоместок за време на невработеност, како и ризик во однос на точноста на извршените исплати по основ на ова право.

### *11.1. Неправилна примена на акти*

**11.2.1.** Врз основа на Решение за именување на директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, број 33-1533/1 од 18.04.2005 година, донесено од страна на Владата на Република Македонија именуван е директор на Агенцијата, кој не засновал работен однос во Агенцијата спротивно на член 6 од Законот за работи односи (Службен весник на РМ бр.80/2003 година – пречистен текст), согласно кој „Работодавниот орган, односно законскиот застапник на работодавецот, *правата и обврските од работен однос, за време додека е именуван* на тоа работно место односно додека ја врши должноста на застапник, *ги остварува кај работодавецот*, .........„. Со Одлука донесена од страна на Управниот одбор определен е надоместок за извршување на работите кои се во надлежност на директорот на Агенцијата, иако согласно член 38 од Деловник за работа на Владата на Република Македонија предлози на решенија за плати на именуваните лица подготвува Комисијата за именување.

Исто така согласно член 151 од Законот работи односи (Службен весник на РМ бр.62/2005 година) на работникот кој е избран или именуван на државна или јавна функција му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата, *ако вршењето на функцијата бара привремено да престане да работи кај работодавецот*.

Поради непочитување на законската регулатива и нерегулиран работен однос на директорот на Агенцијата ревизијата констатира:

- Управниот одбор, како орган на управување со Агенцијата, не ја прецизирал потребата од престанок на работниот однос на директорот на Агенцијата кај претходниот работодавец (пред именувањето), согласно член 151 од Законот работи односи, поради што ангажирањето на директорот на Агенцијата кај два работодавци во исто време, можно е да ја доведе во прашање организацијата и раководењето со работата на Агенцијата како раководен орган на истата и
- без законски основ за надоместок за извршување на работите кои се во надлежност на директорот на Агенцијата исплатени се средства во износ

од 600 илјади денари, од кои во текот на 2006 година износ од 318 илјади денари.

**Препорака:**

Управниот одбор да ја преиспита законската основаност на исплатата на средствата и согласно донесената одлука да постапи по истата.

11.2.2,Агенцијата врши исплата на плати врз основа на Правилник за основите и мерилата за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања и надоместоци на работниците одделно за Централата и поединечните центри, донесени јули 1987 година, кои правилници не се усогласени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за исплата на платите, како ни со Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Македонија. Поради неусогласеност со законската регулатива, Агенцијата пресметува и исплаќа плати врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила, а со примена на критериумите и мерилата за пресметка на нето плата од горенаведените правилници, Агенцијата за исти работни места, за ист вид работи и работни задачи исплаќа различен износ на нето плата (разликата се движи до 8,9 илјади денари) на вработените во различни центри за вработување.

**Препорака:**
Да се донесе акт за исплата на плати и надоместоци од плата на ниво на Агенција во согласност со постојната законска регулатива.

11.2.3. Во текот на 2006 година со право на паричен надоместок за време на невработеност над 12 месеци се стекнале 904 корисници. Пресметката за утврдување на износот на месечното право на надоместок е вршена во висина од 50 % од просечната нето плата на работникот за последните 24 месеци пред престанокот на работниот однос, а не 40% согласно член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, поради погрешно толкување и примена на Законот. Поради погрешно толкување и примена на законот Агенцијата врши незаконска исплата на висината на паричен надоместок.

Ревизијата не дава препорака од причини што од 01.08.2007 година, согласно препораките од извршените ревизии во минати години, изготвена е компјутерска пресметка на висината на паричниот надоместок како и Упатство за начинот на внес на податоците и истото е доставено до сите центри за вработување за негова примена.

11.2.4. Агенцијата, заради обезбедување услови за вработување и работење на инвалидни лица, исплатила средства од Посебниот Фонд во износ од 153.901 илјади денари. Врз основа на доставената евиденција од Секторот за активни политики за сите примени, одобрени и одбиени барања за исплата на средства, склучени договори, извршената оцена на системот на интерните контроли и регуларноста на процесот на доделување на средствата од Посебниот фонд за 2006 година, ревизијата ги констатира следните неправилности:

- нема податоци дали Агенцијата има обврски за исплата на средства по договори од минати години и во кој износ,

- доделени се средства по барања поднесни во текот на 2004 и 2005 година, спротивно на член 14 од Правилник за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица, согласно кој Агенцијата поднесените барања треба да ги решава во рок определен со Законот за општа управна постака, односно најкасно во рок од 2 месеци согласно член 221 од истиот,
- нема податоци за висината на исплатените средства согласно склучените договори, освен податоците во финансиската евиденција согласно која износот на исплатените средства изнесува 153.901 илјада денари, а согласно евиденцијата од Секторот за активни политики 174.026 илјади денари, односно разлика во износ од 20.125 илјади денари. Поради неусогласеноста на евиденциите и појавените разлики можна е злоупотреба на овие исплатени средства,
- нема податоци за доставени записници од извршен увид од центрите за вработување, спротивно на член 23 од Законот за вработување на инвалидни лица (Службен весник на РМ број 87/2005 година – пречистен текст), што придонесува Агенцијата да нема увид врз наменското и законското користење на средствата од овој фонд. Во текот на ревизијата внесени се податоци за примени записници и тоа за склучени догори во износ од 106.467 илјади денари.

**Препорака:**

Агенцијата доделувањето на неповратните средства да го врши во законски предвидените рокови, со исполнување на сите критериуми како и да превземе мерки за функционирање на воспоставениот систем на контрола и следење на наменското и законското користење на средствата од Посебниот фонд кај корисниците на средствата, од страна на центрите за вработување и од страна на централната служба на Агенцијата и да превземе мерки за поврат на средствата каде што се контатирани извесни неправилности .

11.2.5. Агенцијата до месец октомври 2006 година има 34 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи склучени во минати години. До месец септември 2006 година, 9 договори за дело се трансформирани во договори за работа, со сите права од работен однос, а останатите 25 по нивниот истек до месец октомври 2006 година се раскинати. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 2.971 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

11.3.1. Постои неусогласеност помеѓу позициите Парични средства и Пасивни временски разграничувања во делот на Дел од вишокот на приходите пренесени во наредна година во износ од 9.820 илјади денари, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години оневозможува веродостојност на билансните позиции во текот на годината а со тоа и на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2006 година согласно начелото на парично искажување и да се изврши усогласување на сметките.

### *11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства*

#### *11.4.1. Направени расходи спротивно на законските прописи*

- Врз основа на „Писмо за прифаќање„ потпишан помеѓу Министерство за труд и социјална политика и Програма за развој на Обединетите нации (во понатамошниот текст УНДП), Агенцијата од средствата од Посебниот фонд заради финансирање мерки за вработување на евидентирани невработени лица исплатила на УНДП средства во износ од 70.000 илјади денари и тоа 10.000 илјади денари во текот на 2005 година и 60.000 илјади денари во текот на 2006 година. Средствата се исплатени заради реализација на следните проекти:
  - Посредување при вработување на високо образовни млади невработени, каде учеството од страна на Владата на Република Македонија е договорено на износ од 328.120 ЕУР и
  - Програма за создавање работни места каде учеството од страна на Владата на Република Македонија е договорено на износ од 1.000.000 УСД.

  Од доставената документација (дел од документацијата е добиена од Министерство за труд и социјална политика) во врска со реализацијата на горенаведените проекти ревизијата констатира дека финансирањето на проектите е отпочнато без донесена Одлука за користење на средства од страна на Владата на Република Македонија (истата е донесена на 12.01.2006 година) спротивно на член 15 од Законот за вработување на инвалидни лица, како и исплатени се повеќе средства согласно наведените проектите во износ од околу 130.000 ЕУР, за кои Агенцијата нема превземено мерки за поврат иако согласно член 18 од Законот за вработување на инвалидни лица Агенцијата врши увид во наменското користење на средствата.

**Препорака:**

Неискористените средства од Посебниот фонд Агенцијата да ги користи со Одлука од страна на Владата на Република Македонија, како и согласно склучените договори за финансирање мерки за вработување на евидентирани невработени лица да обезбеди соодветна документација за исплатените средства, како доказ за наменско и законско користење на истите.

Ревизијата смета дека Управниот одбор на Агенцијата во координација со Министерството за труд и социјална политика треба да направи анализа, подолгорочни согледувања на ефектите од проектите во смисла на намалување на невработеноста, врз основа на што би несела одлуки во иднина за инвестирања на средства во мерки за намалување на невработеноста во Република Македонија.

- Врз основа на одобрение од Министерството за труд и социјална политика број 08-3817 од 21.08.2002 година, извршена е исплата на плати по основ на поголемо месечно право за исплата на плати од законски утврденото, спротивно на член 3 од Законот за исплата на

платите во Република Македонија. Поради воспоставениот начин на пресметка на платите незаконски исплатени се средства во вкупен износ од 7.198 илјади денари.

**Препорака:**

Исплата на платите да се врши во согласност со позитивната законска регулатива.
Министерството за труд и социјална политика, корекцијата на правото на просечна плата по вработен, да ја врши со превземање мерки и активности во рамки на законската регулатива.

### *11.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 1.305 илјади денари.
Исто така должничко доверителни односи продолжуваат по склучени договори од минати години за давање на деловен простор под закуп без спроведена постапка за јавна набавка во износ од 3.485 илјади денари. Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

## *11.5. Неправилности на информациониот систем*

### *11.5.1.База на податоци за финансиско сметководствено работење*

Со ревизија на базата на податоци и апликацијата за финансиско сметководствено работење констатирано е дека податоците од електронската база на податоци добиени на почетокот на ревизијата (со дата 18.09.2007 година) не се совпаѓаат со печатените податоци (со дата 20.02.2007 година) врз основа на кои се изработени финансиски извештаи за 2006 година спротивно на член 10 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници согласно кој …..корисници на крајот на фискалната година ги заклучуваат и ги поврзуваат деловните книги......., како и спротивно на меѓународните стандарди за безбедност и заштита на податоците. Несовпаѓањето е резултат на недоволно воспоставени заштитни контроли на самата апликацијата како и воспоставениот начин на евидентирање на трансакциите на центрите за вработување (дел се врши од страна на централата).
Отсуството на контролни механизми, разграничување на одговорностите и должностите во однос на користење на апликацијата создава ризик од недоследно почитување на законската регулатива и ризик од менување на податоците искажани во финансиските извештаи и по завршувањето на деловната година.

### *11.5.2. База на податоци за исплата на паричен надоместок во случај на невработеност*

- Во базите на податоци не се содржани односно архивирани податоците од центрите за вработување – Битола и Валандово за еден месец и Охрид за 7 месеци, спротивно на член 4 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Ненавремено и нецелосно внесување и архивирање на внесените податоци како и недоволна контрола над истите, придонесува несовпаѓање и несоодветност на податоците на локално и централно ниво;
- податоци за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност за стечајни работници, технолошки вишок, загубари, редовен, стечај (од поранешни загубари), реформа на државна администрација, за технолошки вишок - заклучок на Влада 2003 година, како и исплатата по основ на паричен надоместок по основ на потикнување на вработувањето, не се совпаѓаат со податоците искажани во финансиските извештаи (добиени од сметководствената евиденција), спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Разликата произлегува од различниот датум на исплата на средства во однос на датумот на архивирање на податоците, вршењето исплати на надоместоци по Решенија за исплата на надомест или поврат на средства по Решенија за погрешна исплата врз основа на „рачни пресметки“ без истите да се внесат во компјутерската евиденција.

  Некомплетноста и необјективноста на искажаните податоци доведува до несовпагање на податоците за исплатени средства во износ од 8.564 илјади денари и тоа по основ на паричен надоместок за потикнување на вработувањето во износ од 5.752 илјади денари (од кои за износ од 5.602 илјади денари податоците се евидентираат рачно), а за останатите права во износ од 2.812 илјади денари.

  Ревизијата констатира дека базата на податоци за исплатените средства за остварување на правата од вработување и осигурување во случај на невработеност не дава точни, навремени и целосни податоци и информации за бројот, видот и обемот на исплатените средства ниту по корисник ниту во целост.

### *11.5.3. Надомест за невработеност, за обука, преквалификација или доквалификација, Посебен фонд за вработување на инвалидни лица*

Нема база на податоци за надоместоци за исплатените средства по горе наведените основи поради извршени „рачни пресметки“ за исплата на средствата (или за истите се води компјутерска евиденција - excel), спротивно на член 2 од Правилникот за обработка, користење и заштита на податоците во информациониот систем на Заводот за вработување на Република Македонија. Поради неевидентирањето на севкупно исплатените средства од страна на Агенцијата, не постојат податоци во базата на податоци за исплатени средства во износ од 211.879 илјади денари.

**Препорака:**

Агенцијата да превземе мерки за донесување и воспоставување на соодветни пишани процедури и тоа:

- во однос на апликацијата за финансиско сметководствено работење во делот на затварањето на деловните книги на крајот на фискалната година, со што ќе се оневозможи регистрираните податоци во деловните книги да се менуваат и надополнуваат,
- во однос на евидентирањето на податоците врз основа на кои се врши исплата на надоместоците во случај на невработеност, со воспоставување на контрола врз внесот и архивирањето на податоци, со што би се избегнала можноста од случајни и намерни грешки, а воедно ќе се овозможи следење на реалната исплата на средствата за надоместоци по корисник и во целост.

Исто така ревизијата смета дека треба да се превземат мерки и во однос на:

- секој запис (за исплата на надоместок) да содржи комплетни податоци;
- повратот на средства по основ на погрешни исплати (или друг вид на промени) да се евидентираат во базата на податоци по корисник;
- архивирањето на пресметката за исплата на паричниот надоместок во центрите за вработување да се врши навремено и

целокупната исплата на средствата за парични надоместоци да се врши врз основа на претходно изработени компјутерски пресметки во базата на податоци, архивирани веднаш по нивната изработка.

12 поред наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Агенција за вработување на Република Македонија под 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13 Според наше мислење освен за изнесеното во точките 11.1. до 11.5. кај Агенција за вработување на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**14** Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Агенцијата и тоа:

- судски постапки во кои тужител е Агенцијата по основ повраќај на доделени средства и неисполнување на договори во износ од 3.774 илјади денари;
- судски постапки во кои тужена страна е Агенцијата, и тоа со вредност од 370 илјади денари и 13 судски постапки за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот.

15 Со извршената оценка на системот на интерни контроли и испитување на ефикасноста на процесот на остварување на правото на паричен надоместок во случај на невработеност, ревизијата констатира одделни слабости, наведени во точка 10.1.1. Со цел да се добие целосно ревизорско убедување дека одлучувањето и донесување на решение за право на паричен надоместок е во согласност со законската регулатива како и за наменската исплата на средствата по овој основ, ревизијата смета дека истите треба да се предмет на наредна тематска ревизија од причина што станува збор за исклучително голема популација со исклучително голем број на поединечни трансакции во текот на годината.

16 Со примена на постапките за независно усогласување за обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 68 % од кои 77 % се усогласени, додека 23 % не се усогласени со евиденцијата на Агенцијата.

17 Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2005 година, ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 11.1.3, 11.1.4, 11.1.6, 11.1.7. и 11.2.2. од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности, а за констатациите изнесени во точките 11.1.1, 11.1.2, 11.1.5, 11.2.1, 11.3.1, 11.3.2. и 11.4. Агенцијата не превземала мерки за отстранување на истите.

18 Прифатени и корегирани неправилности од страна на Агенцијата во текот на ревизијата:

- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2006 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2006 година, кои што како ефекти од ревизијата ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2006 година за 650 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 0269 од 21.11.2007 година.

**Скопје, 22.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 1,370,812 | 1,313,693 |
| Неданочни приходи | 11,040 | 10,918 |
| Трансфери и донации | 4,645,103 | 5,948,749 |
| **Вкупно приходи** | **6,026,955** | **7,273,360** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 156,746 | 154,692 |
| Стоки и услуги | 73,095 | 68,414 |
| Субвенции и трансфери | 14 | 0 |
| Социјални бенефиции | 5,685,380 | 6,699,979 |
| **Вкупно тековни расходи** | **5,915,235** | **6,923,085** |
| **Капитални расходи** | 4,552 | 4,414 |
| **Вкупно расходи** | **5,919,787** | **6,927,499** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **107,168** | **345,861** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 97,906 | 330,608 |
| Побарувања | 33,014 | 30,944 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 5,030 | 5,127 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 9,590 | 6,361 |
| Активни временски разграничувања | 439,258 | 516,954 |
| Залихи | 709 | 833 |
| **Вкупно тековни средства** | **585,507** | **890,827** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 176,670 | 187,633 |
| Природни богатства | 7,933 | 7,324 |
| Материјални средства во подготовка | 239 | 239 |
| Долгорочни пласмани | 797 | 2,338 |
| **Вкупно капитални средства** | **185,639** | **197,534** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна актива** | **772,545** | **1,089,760** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 7,205 | 7,632 |
| Краткорочни обврски по резерви | 420,764 | 498,097 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 269 | 330 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 10 | 38 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 11,118 | 10,961 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 21,672 | 18,224 |
| Пасивни временски разграничувања | 116,927 | 347,907 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 2,075 | 2,075 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **580,040** | **885,264** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 191,106 | 203,097 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **191,106** | **203,097** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **1,399** | **1,399** |
| **Вкупна пасива** | **772,545** | **1,089,760** |

**Агенција за вработување на Република Македонија**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **202,264** | **833** | **203,097** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,452** | **6,888** | **16,340** |
| Набавки | 5,419 | 4,445 | **9,864** |
| Стекнати објекти од стечајна маса | 2,353 | - | **2,353** |
| Донации | 900 | - | **900** |
| Корекции по ревизија од претходна година | 609 | 2,338 | **2,947** |
| Корекции по ревизија 2006 година | 171 | 105 | **276** |
| **Намалување по основ на:** | **(22,117)** | **(6,214)** | **(28,331)** |
| Потрошок | - | (4,568) | **(4,568)** |
| Прекнижено во друга работна единица | | - | **-** |
| Погрешна евиденција | | - | **-** |
| Расход по попис | (362) | - | **(362)** |
| Продажба на основно средство | (102) | - | **(102)** |
| Продажба на хартии од вредност | - | (532) | **(532)** |
| Отпис | - | (1,114) | **(1,114)** |
| Корекции по ревизија од претходна година | (2,387) | - | **(2,387)** |
| Пресметана амортизација | (19,266) | - | **(19,266)** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **189,599** | **1,507** | **191,106** |